Совет на Општина Делчево
Број 09-1069/2
29.06.2020 година
Д е л ч е в о

# ЗАПИСНИК
# од одржаната 41.седница на Советот на Општина Делчево

Седницата се одржа на ден 29.06.2020 година (понеделник), во Мултифункционалниот центар во АСНОМ, со почеток во 14:00 часот.

На седницата присуствуваа сите 15 членови на Совет и тоа:

1. Драган Маневски
2. Сашко Ивановски
3. Дејан Георгиевски
4. Јулија Крстевска
5. Влатко Величковски
6. Кирил Тренчевски
7. Ванчо Велиновски
8. Славица Димитрова
9. Катица Трајкова Тасева
10. Сашко Јовановски
11. Билјана Ѓеоргиевска
12. Кристи Стојковски
13. Вице Стоиловски
14. Дијана Јосифовски
15. Николчо Ситновски

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Драган Маневски, претседател на Советот на Општина Делчево.

За 41.седница на Советот на Општина Делчево тој го предложи следниот

## Дневен ред

-Усвојување на Записник од 40.седница

1.Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на општина Делчево за периодот 01.01.2020 до 31.03.2020 година со Заклучок за усвојување;

2.Предлог-Одлука за преотстапување во сопственост и владение на возило за чистење на улици DULEVO 850 на ЈКП „Брегалница“-Делчево.

**Образлагач:** По точките 1 и 2-Шабан Багашов-Раководител на Сектор за финансиски прашања.

3.Предлог-Одлука за доделување на стипендии на ученици прогласени за првенци на генерацијата во општинските училишта;

**Образлагач:** Ванчо Новоселски-Советник за образование.

4.Предлог-Одлука за изработка на Урбанистичко-проектна документација – Проект за

инфраструктура за нов кабелски 10КВ вод од напојна трафостаница 110/34/10 КВ до столб пред отклон за ТС 10/0,4 КВ Алпинком-општина Делчево;

5.Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект насдвор од плански опфат објект станбена куќа зграда бр.1 на Јован Михаиловски;

**Образлагач**: По точките 4 и 5-Горан Петровски-Советник за енергетска ефикасност.

6.Предлог-Одлука за приоритетен проект : „Набавка на противпожарно возило“, општина Делчево во рамки на грантот од Проектот за подобрување на општинските услуги финансирани со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), Компонента В: Грантови за успешност;

**Образлагач**: Тони Стоименовски-Советник за ЛЕР.

7.Предлог-Одлука за давање согласност на одлуката на Управниот одбој на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево бр.0202-79/3 од 25.06.2020;

**Образлагач.** Билјана Симовска-Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево.

8.Предлог-Одлука за утврдување потреба од определување на заштитни зони, заштитни мерки и други услови за водите наменети за консумирање од страна на човекот за акумулација „Лошана“.

**Образлагач:** Татјана Стојковска-Виш соработник за заштина на живорна средина и комунална инфраструктура.

9.Предлог-Одлука за финансиски средства;

**Образлагач:** Драган Маневски-Претседател на Советот на Општина Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по дневниот ред беше затворена и истиот беше ставен на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го усвои дневниот ред за 41.седница.

**Прва точка-Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на општина Делчево за периодот 01.01.2020 до 31.03.2020 година со Заклучок за усвојување;**

Образложение по точката поднесе Шабан Багашов кој рече дека извршувањето на буџетот на Општина Делчево за првиот квартал 2020 изнесува 17,8%, односно од вкупно планираните 353.481.111 денари приходи за првиот квартал е реализирани 62.878.341 денари. Од нив во основниот буџет од планирани 110.881.000 реализирани се 18.925.529 или 26%.

Во буџетот за дотации од планирани 173.319.111 приходи реализирани се 39.110.350 или 22,5%, во буџетот на донации од планирани 20.598.000 денари, реализирани се 2.829.001 денари и во буџетот на самофинансирачки активности од планирани 16.367.000 реализирани се 2.013.461 денари или 12,3%.

Даночните приходи се наплатени во износ 10.982.097 денари од вкупно планирани 35.903.000 или 31%, наплатата од даноци на имот е во износ од 2.949.547, од даноци од специфични услуги во износ од 6.316.995 (комунална такса за истакната фирма, 173.000 денари,

комунална такса за одржување на јавно осветлување во износ 2.600.000 денари, комунална такса за користење на улици со патнички и товарни возила 210.000 денари, за надоместок за уредување на градежно неизградено земјиште во износ од 1.378.000 и др.помали износи на комунални такси.

Неданочните приходи се планирани во износ од 5.335.000 денарии тоа се приходи од административни такси и надоместоци, а се реализирани во износ од 439.457 денари или 8%.

Капиталните приходи се наплатени во износ 685.482 денари од вкупно планираните 12.800.000 денари или 5%, а тоа се приходите од надомест за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект легализација.

Трансферите од други нивоа на власт се реализирани во износ од 6.818.493 денари од вкупно планираните 56.843.000 или 12% и тука спаѓаат средствата добиени по основ на дотации на општината од приходи од ДДВ.

Вкупните расходи се планирани во износ од 353.417.000 денари од нив се реализирани 353.417.000 од нив се реализирани 55.618.879 или 15,7%. Во основниот буџет од вкупно планирани 110.983.000 реализирани 16.338.000.

На групата 40 реализирани се 5.237.722 од вкупно планирани 22.051.000 или 23,7% овде влегуваат платите, придонесите од плати и др.надоместоци.

Платите и придонесите од плати се реализирани во износ од 3.643.734 денари од планирани 14.229.000.

На групата 42 реализирани се 4.182.168 од вкупно планираните 23.418.000.

На групата 46 планирани се 2.395.000 од кои се реализирани 208.109.

На групата 47 од вкупно планирани 800.000 реализирани се 268.000 денари, а во групата 48 влегуваат капиталните расходи кои се реализирани во износ од 5.415.688 денари од планираните 60.112.000 денари или 9%, додека на ставката 482 се реализирани 4.606.837 од планираните 55.337.000 или 8,3%. Реализацијата на приходите и расходите по посебни програми и потрограми исто така ги имате добиено, доколку има прашања, повелете, рече Ш.Багашов.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Билјана Ѓеоргиевска која праша зошто е толку мала рализацијата на приходите?

Шабан Багашов рече дека реализацијата на приходите во 1 квартал секогаш е најниска, најмала во овој период бидејќи се прикажани само извршените плаќања.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА“ и 5 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на општина Делчево за периодот 01.01.2020 до 31.03.2020 година.

**Втора точка Предлог-Одлука за преотстапување во сопственост и владение на возило за чистење на улици DULEVO 850 на ЈКП „Брегалница“-Делчево.**

Образлагач и по оваа точка беше Шабан Багашов-Раководител на Сектор за финансиски прашања кој рече дека е набавена нова машина за чистење на улици во вредност од 4.324.936,00 денари. Средствата за набавка на оваа маишна се 50% од ЈКП „Брегалница“ и 50% од општина Делчево. За да може ЈКП да работи и стопанисува со оваа машина, потребно е да се донесе Одлука за преотстапување во сопственост и владение на возило за чистење на улици DULEVO 850 на ЈКП „Брегалница“-Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Катица Трајкова Тасева која праша дали дали за тие 50% или 2.162.468,00 денари ЈКП „Брегалница“ ќе компензира средства на општина Делчево за извршени услуги (одржување на паркови и зеленила)?

Шабан Багашов рече дека ЈКП „Брегалница“ не може да компензира 50% за своите услуги, бидејќи за оваа машина учествува со 50% од средствата, а за своте услуги (вода, канализација и ѓубрарина) и фактурираат на Општината.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА“, 4 „ПРОТИВ“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за преотстапување во сопственост и владение на возило за чистење на улици DULEVO 850 на ЈКП „Брегалница“-Делчево.

**Трета точка-Предлог-Одлука за доделување на стипендии на ученици прогласени за првенци на генерацијата во општинските училишта;**

Образлагач по оваа точка беше Ванчо Новоселски-Советник за образование кој рече дека традиционално Општина Делчево доделува стипендии на учениците прогласени за првенци на генерација во општинските училишта. Со оваа одлука се предвидува стипендијата учениците ќе ја добиваат 9 (девет) месеци во текот на учебната 2020-2021 во нето износ 3,000,00 денари месечно за првенецот на генерацијата од СОУ „М.М.Брицо“-Делчево и по 2000,00 денари месечно за првенците на генерацијата од ООУ „Ванчо Прке“ и ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево, а средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на општина Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Сашко Ивановски кој праша дали има можности оваа стиопендија првенците да ја добиваат 4 години како што било порано?

В.Новоселски рече дека е правено анализа за тоа, но имајќи пеедвиде дека секоја година се доделуваат стипендии на ученици и студенти со одличен успех, на ученици и студенти со ниски примања, а се доделува и награда на најдобрите 10 матуранти, одлучено е оваа година одлуката да биде иста како ланската година.

Дејан Георгиевски рече дека Советот на Општината секоја година донесува Одлука за доделување на стипендија на ученици со континуиран одличен успех, и одлука за стипендија на студенти кои постигнале особен успех во студирањето така што учениците кои се првенци на генерацијата имаат можност да конкурираат во текот на студирањето во 2 категории. Имајќи ја предвид моменталната ситуација и финансиската состојба на Општината, сметам дека одлуката е

во ред, а прашањето на колегата е повеќе од популистики карактер, рече тој.

Сашко Ивановски реплицираше во смисла дека сепак треба да се прави разлика межу одлични ученици и првенци на генерацијата, тоа не е исто, рече тој.

Дејан Георгиевски рече дека не е исто одличен ученик со континуиран одличен успех и првенец, но стипендијата што ја доделува општината треба да се сфати како награда, а не средства за егзистенција на студентот или ученикот.

Драган Маневски рече дека висината на стипендиите се покачени ланската година (беа по 500 и по 1.000 денари). Инаку, барањето на Сашко Ивановски е во ред кога Општината би имала повеќе финансиски средства, но за оваа година средствата се планирани во тој обем и мислам дека нема услови на оваа седница одлуката да биде сменета бидејќи би требало да се консултираат службите од Секторот за финансии и секако Градоначалникот. Може да се размисли во иднина и да се достави како предлог, рече тој.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за доделување на стипендии на ученици прогласени за првенци на генерацијата во општинските училишта.

**Четврта точка-Предлог-Одлука за изработка на Урбанистичко-проектна документација – Проект за инфраструктура за нов кабелски 10КВ вод од напојна трафостаница 110/34/10 КВ до столб пред отклон за ТС 10/0,4 КВ Алпинком-општина Делчево.**

Оваа точка ја образложи Горан Петровски кој рече дека оваа одлука се предлага согласно законот за урбанистичко планирање и се однесува на изработка на Урбанистичко проектна документација - Проект за инфраструктура за нов кабелски 10 КВ вод од напојна трафостаница 110/35/10 КВ Делчево до столб пред отклон за ТС 10/0,4 КВ Алпинком - општина Делчево. Потребата е решавање на долгогодишни проблеми што произлегуваат од преоптоварување на мрежата, безбедност на граѓаните и корисниците и ослободување на површини согласно урбанистичката документација.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Славица Димитрова која праша дали имало Комисија за урбанизам во врска со соваа и др.точки?

Дејан Георгиевски-претседател на Комисијата рече дека во изминатиов период немало Комисија поради состојбата со пандемијата.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за изработка на Урбанистичко-проектна документација – Проект за инфраструктура за нов кабелски 10КВ вод од напојна трафостаница 110/34/10 КВ до столб пред отклон за ТС 10/0,4 КВ Алпинком-општина Делчево.

**Петта точка-Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда бр.1 на Јован Михаиловски.**

Образлагач и по оваа точка даде Горан Петровски-Советник за енергетска ефикасност кој

рече дека станува збор за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-383 од 28.07.2011 година, од страна Јован Михаиловски ул. Рударска 7/2-10 М Каменица за бесправно изграден објект, Станбена кука , означен во елаборат како зграда бр. 1 изграден на КП бр. 1889/1 КО Делчево запишана во имотен лист бр. 10696 и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат .

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда бр.1 на Јован Михаиловски.

**Шеста точка-Предлог-Одлука за приоритетен проект : „Набавка на противпожарно возило", општина Делчево во рамки на грантот од Проектот за подобрување на општинските услуги финансирани со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), Компонента В: Грантови за успешност;**

Образлагач по оваа точка бешеТони Стоименовски-Советник за ЛЕР кој рече дека оваа одлука е за набавка на ПП возило.Средства обезбедени во рамки на грантот од Проектот за подобрување на општинските услуги финансирани со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), Компонента В: Грантови за успешност.Износот на Грантот за успешност е во зависност од вредноста на успешно реализираните подзаеми за имплементација на проектот„Подобрување на јавните општински услуги во Општина Делчево-Реконструкција на општински улици", а вкупната проектирана вредност на приоритетниот проектотза набавка на ново противпожарно возилое 7.491.824,00 МКД со вклучен ДДВ, грант–средства кои се обезбедени од Компонента В: Грантови за успешност се во висина од 7.191.824,00 МКД,додека средства во висина од 300.000,00ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Делчево,како сопствено учество. Оваа возило че биде за гаснељње на шумски пожари, рече Т.Стоименовски.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за приоритетен проект : „Набавка на противпожарно возило", општина Делчево во рамки на грантот од Проектот за подобрување на општинските услуги финансирани со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), Компонента В: Грантови за успешност.

**Седма точка-Предлог-Одлука за давање согласност на одлуката на Управниот одбој на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево бр.0202-79/3 од 25.06.2020;**

Образлагач по оваа точка беше Билјана Симовска-Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево која истакна дека Управниот одбор на ОЈУДГ „Весели Цветови" на предлог на директорката на Детската градинка, донела одлука за ослободување од надоместок на трошоците за престој во установата што паѓа на товар на родителите. Согласно со Одлуката, надоместокот на трошоците за престој во Детската градинка „Весели Цветови" нема да се наплаќа од април 2020, т.е. од затворањето на градинката поради пандемијата со COVID-19, па сè до нејзиното повторно отварање. Станува збор за материјални трошоци од 521 денар кој секој родител ги плаќа и во случај ако детето не посетува градинка 1 месец.Потребно е Советот како основач на детската градинка да даде согласност на одлуката на Управниот одбор, рече

Б.Симовска.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност на одлуката на Управниот одбој на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево бр.0202-79/3 од 25.06.2020.

**Осма точка-Предлог-Одлука за утврдување потреба од определување на заштитни зони, заштитни мерки и други услови за водите наменети за консумирање од страна на човекот за акумулација „Лошана“.**

Образлагач по точката беше Татјана Стојковска-Виш соработник за заштина на живорна средина и комунална инфраструктура која рече дека ова Одлука е за утврдување потреба од определување заштитни зони,заштитни мерки и други услови за водите наменети за консумирање од човекот за акумулација „Лошана“. Со Одлуката се задолжува ЈКП „Брегалница“ да поднесе барање до Владата на РСМ, за донесување Одлука за определување заштитни зони околу акумулација „Лошана“, како и да достави елаборат за одредување на границите на заштитните зони, заштитните мерки и други услови за водите наменети за консумирање од човекот. Инаку, од кога ќе се добијат сите потребни дозволи и документи, акумулацијата ќе биде оградена, ќе бидат поставени информативни табли и предупредувачки знаци со што ќе има строго контролиран пристап до акумулацијата.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување потреба од определување на заштитни зони, заштитни мерки и други услови за водите наменети за консумирање од страна на човекот за акумулација „Лошана“.

**Деветта точка-Предлог-Одлука за финансиски средства.**

Образлагач по точката беше Драган Маневски-Претседател на Советот на Општина Делчево кој рече дека одлуката се однесува за финансиски средства во износ од 15.000 денари на Љупчо Димитровски од с.Драмче.Средствата ќе бидат искористени за изградба на помошна просторија на гробиштата во с.Драмче, а ќе бидат исплатени од Буџетот на општината за 2020 година на име Љупчо Димитровски на трансакциска сметка 300057100285428 , Комерцијална банка АД Скопје бидејчи месните заедници немаат статус на правни лица и немаат жиро-сметки.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа "ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за финансиски средства.

Со исцрпувањето на дневниот ред, 41.седница заврши со работа во 14:40 часот.

**Записникот го водела**
**Снежана Трајкова**

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,